Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр. 0402-58/6
25 2 2022 год
Скопје-Shkup

Врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.23 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас во НУ ДТС бр.0201-324/10 од 14.10.2021 г. и Предлог- Одлуката на Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003) под бр.0402-58/5 од 25.2.2022 г., врз основа на која вд директорката на НУ Драмски театар Скопје на ден 25.2.2022 г., донесе

**О Д Л У К А**

За избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител
по оглас бр. 1668917 од 30.12.2021 г.

1. За вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје, се избира кандидатот Горјан Донев.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно чл.77-е став 5 од Законот за култура и чл.12, став 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас во НУ ДТС,под бр.0201-324/10 од 14.10.2021 г., Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), со решение од вд. Директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-58/2 од 09.02.2022 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор во НУ МНТ -Скопје- член, Васил Ризов-раководител на сектор за административни, општи и правни работи во НУ МНТ-заменик член, Кристина Ацковска- раководител на одделение за матријално-финансиско работење- заменик член и Блаже Грашкоски- технички директор во НУ Театар Комедија- Скопје- заменик член, на ден 22.2.2022 (вторник), во 12.00 часот, во една од просториите на НУ Драмски театар Скопје, одржала административна селекција, по јавниот оглас бр.1668917, објавен на ден 30.12.2022г. во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", и во Агенција за вработување на РСМ, за вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) на неопределено време.

На огласот биле пријавени само двајца (2) кандидати- Горјан Донев и Павле Игновски – дипломирани продуценти. Во фазата на административната селекција

Комисијата констатирала дека двајцата кандидати ги имале доставено сите документи наведени во Огласот. Согласно проверената документација Комисијата утврдила дека кандидатот Горјан Донев ги исполнува сите услови кои се бараат на огласот, а кандидатот Павле Игновски не ги исполнува сите услови барани во огласот, односно тој нема минимум 5 години заверен работен стаж во официјалниот документ -М1/М2 образец издаден од Агенцијата за вработување на РСМ.

Поради тоа, Комисијата на интервју го повикала кандидатот Горјан Донев (со известување на неговата електронска адреса) кој ја поминал административната селекција. Интервјуто се одржало на ден 25.2.2022 година, во 12 часот во просториите на Драмскиот театар. Комисијата на кандидатот му поставила 6 прашања за општи и посебни компетенции, на кои кандидатот одговорил и според мислењето на сите членови на Комисијата, на кандидатот му се дадени максимум број на бодови, за прашањата за општи компетенции 10 бодови и за прашањата за посебни компетенции 10 бодови, вкупно 20 бодови.

Од сето горенаведено Комисијата го предложи кандидатот, Горјан Донев, да се вработи на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје и затоа се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука, а согласно позитивните законски прописи и правни акти на Театарот по кои работи и постапува самата установа.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од 8 (осум) дена со денот на приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје
В.д Директор,
Катарина Коцевска Хаџи Василева

25.2.2022 г., Скопје